Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО

| Примено: 02.06.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 255/1 | – | – |

**До: Општина Градско, ул. Александар Македонски бр.70/а, 1420 Градско**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Барам од Општина Градско да ми ги одговори следниве прашања:**

1. **Кои компании се пријавија на огласот за отуѓување на градежно земјиште во Општина Градско, за парцелата КП 55/5, КО Згрополци, со површина од 83.774 метри квадратни за изградба на тешка градежна индустрија и производство на неметали и учествуваа на јавното наддавање што се одржа на 30 мај?**
2. **Која компанија достави најповолна понуда на јавното наддавање на 30 мај и ја купи парцелата КП 55/5 за изградба на тешка градежна индустрија и производство на неметали?**
3. **По која цена за метар квадратен е продадено земјиштето КП 55/5 за изградба на тешка градежна индустрија и производство на неметали во Згрополци? Колкави се вкупните средства што ќе ги инкасирате како општина од продажбата на земјиштето за изградба на цементарница?**
4. **Кои документи инвеститорот во цементарницата е должен да ги достави до Општина Градско за да добие одобрение за изградба на цементарницата во Згрополци и во колкав временски период Општина Градско е должна да му издаде одобрение за градење?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 2.6.2025 година.**

___________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)